**Одборот за доделување на државната награда “11 Октомври” распишува**:



**К О Н К У Р С**

**за доделување на државната награда „11 Октомври” во 2015 г.**

Со државната награда „11 Октомври” се оддава највисоко признание за животно дело во областа на науката, уметноста, стопанството и во другите дејности од јавен интерес на Република Македонија.

Државната награда „11 Октомври “ се доделува, по правило, секоја година.

Државната награда се доделува на поединци, група творци, екипи, установи, трговски друштва и здруженија на граѓани од земјата.

Државната награда под условите определени во конкурсот може да се додели и на странски државјани, група творци, екипи и институции од странство од јавен интерес на Република Македонија.

На награден поединец му се доделува: диплома, плакета и паричен износ.

На секој член на наградена група творци или екипа им се доделува диплома, плакета и подеднаков дел од паричниот износ.

На наградена установа, трговско друштво или здружение на граѓани им се доделува диплома и плакета.

Паричниот износ на државната награда „11 Октомври" изнесува *петнаесет (15) просечни месечни плати*
во Република Македонија исплатени во последните три месеци во тековната година.

Во една година може да се доделат најмногу до *пет (5) награди*.

Иницијатива за доделување на државната награда „11 Октомври" може да поднесат: установи, трговски друштва, здруженија на граѓани и граѓани.

Подносителите на иницијатива за доделување на државната награда треба подробно да ја образложат иницијативата. Во текстот треба да се содржани и: прецизни биографски податоци, точна адреса на живеење (адреса-улица, број, место, град, држава), податоци за остварените резултати во областа во којашто е постигнато остварувањето и други податоци што се смета дека ќе придонесат во оценувањето.

Подносителот на иницијативата мора да го наведе своето целосно име и презиме, назив, фирма, адреса и телефон.

Текстот на иницијативата (комплетиран) да се достави во 20 примероци, а трудови, книги, публикации и сл. се третираат како прилози и треба да се доставаат во еден  примерок.

Адреса на којашто треба да се доставаат иницијативите е:

Министерство за култура на Република Македонија - Одбор за доделување на

државната награда „11 Октомври”, ул.”Ѓуро Ѓаковиќ” бр. 61 - Скопје, Република Македонија.

**Конкурсот трае од 1.05 до 31.05. 2015 година.**

Некомплетните иницијативи и иницијативите и предлозите (трудови, книги, публикации и сл.) доставени по утврдениот рок за прием по конкурсот нема да бидат разгледувани.

**Одбор за доделување на**

**државната награда „11 Октомври”**